The Forests Dialogue

**TFD STEERING COMMITTEE 2009**

**George Asher**
Lake Taupo Forest Trust – New Zealand

**Marcus Colchester**
Forest Peoples Programme

**Minnie Degawan**
International Alliance of Indigenous and Tribal Peoples of the Tropical Forests

**Gerhard Dieterle**
The World Bank

**Peter Gardiner**
Mondi

**James Griffiths, TFD Co-Leader**
World Business Council for Sustainable Development

**Jack Hurd**
The Nature Conservancy

**Peter Kanowski**
Australian National University

**Matti Karjula**
Stora Enso

**Mikhail Karpachevskiy**
Biodiversity Conservation Center – Russia

**Lars Laestadius**
World Resources Institute

**Stewart Maginnis, TFD Co-Leader**
International Union for the Conservation of Nature

**James Mayers**
International Institute for Environment and Development (IIED)

**Colin McKenzie**
Global Forest Partners

**Cassie Phillips**
Weyerhaeuser Company

**Bob Ramsay**
Building and Woodworkers International

**Carlos Roxo**
Fibria

**Antti Sahi**
Confederation of European Forest Owners (CEPF)

**Liz Sandler**
American Forest Foundation

**Roberto Smeraldi**
Amigos da Terra – Amazonia Brasileira

**Ken Strassner**
Kimberly-Clark

**Rod Taylor**
WWF International

**Justin Ward**
Conservation International

**Emmanuel Ze Meka**
International Tropical Timber Organization

**Gary Dunning, Executive Director**
The Forests Dialogue

## The Forests Dialogue

# ИНВЕСТИРАЊЕТО ВО ЛОКАЛНО КОНТРОЛИРАНОТО ШУМАРСТВО ВО ПОДРЕГИОНОТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Македонка Стојановска[1], Ненад Петровиќ[2] и Атила Ленгјел[3]

## 1. вовед

Овој документ произлезе од две страни поврзани со две организации, и тоа Шумарскиот дијалог (TFD) и Европската конфедерација на сопственици на шуми CEPF, а беше дополнет со националниот придонес на Македонија и Србија.

Од 2002, TFD досега имаат развиено и спроведено над 25 дијалози за политиките по различни клучни прашања од областа на заштитата на шумите и одржливото шумарство, како на пример лиценцирањето на шумите, нелегалното сечење, управувањето со шумите, заштитата на биодиверзитетот, интензивното управување со насадените шуми а во последно време и за комерцијалното шумарство и намалувањето на сиромаштијата, како и шумите и климатските промени. Според TFD,  дијалозите за комерцијалното шумарство и намалувањето на сиромаштијата и интензивното управување со насадените шуми ги истакнаа прашањата проврзани со локално контролираното шумарство. До сега се одржа дијалог во Брисел (2009) и два практични дијалози во Панама за проблемите на локалните сопственици (2009), како и во Катманду/Непал за прашањата на општинското шумарство (2009).

Третиот дијалог се одвива во Македонија и Албанија и нуди можност да се продискутираат некои европски случаи во поглед на овие прашања од подрегионот на Југоисточна Европа. Подрегионот на ЈИЕ е еден од оние во Европа што минаа низ многу политички и економски промени во изминатиот период, отварање на нови можности за бизниси и инвестирање преку создавање на пазарни економии и притоа извршија влијание врз шумарскиот сектор. Врз основа на ова во Европа може да се заклучи дека меѓународниот дијалог за политиките на шумарството во мали размери и неговите можности за финансирање котираат многу добро во Југоисточна Европа ако се бара практично влијание и делување, бидејќи овој подрегион на Европа има голема потреба од бизнис врски и инвестиции.

The Forests Dialogue, Yale University, 360 Prospect Street, New Haven, Connecticut, 06511, USA
O: +1 203 432 5966  F: +1 203 432 3809  W: www.theforestsdialogue.org  E: info@theforestsdialogue.org

Во овој контекст, од Европската конфедерација на сопственици на шуми (CEPF) беше побарано да ги координираат подрегионалните задачи и да состават историјат за „Дијалогот во Југоисточна Европа“ кој го води TFD. Со цел да се поткрепат општите тенденции и констатации, на оваа тема беа подготвени и две национални студии на случај—една од Македонија и една од Србија.

Европската конфедерација на сопственици на шуми води активности кои се насочени кон земјите од Централна и Источна Европа уште од 2003/2004 година. Тие опфаќаат размена помеѓу сопствениците на шуми и нивните организации и работата на ниво на политиките, заедно со државната шумска управа, ФАО ОН, Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN) или Европската комисија. Како резултат на оваа соработка беа организирани неколку настани а се развија и идеи за проекти од кои некои беа и спроведени.

Во 2008–2009 година CEPF беа вклучени во подрегионот на Југоисточна Европа на проектно ниво и го координираа проектот финансиран од страна на програмата PROFOR на Светската банка за развивање на шумарските политики за приватните шуми во подрегионот на Југоисточна Европа. Проектот го опфати ова прашање во три земји во рамките на процесите на националната шумарска програма или стратегија (Албанија, Македонија и Србија). Работата помина низ аналитичка фаза преку развојот на т.н. статус кво анализа на не-државното шумарство и низ практична фаза преку состаноци на локално, државно и меѓународно ниво. Во спроведувањето на овие активности учествуваа и меѓународни организации како CHB и ФАО. Придонесот на CEPF кон серијата на дијалози на TFD за локално контролираното шумарство е своевидно продолжување на овие активности, осврнувајќи се на деловните и инвестициските врски на не-државното шумарство.

При дијалогот во Брисел беа утврдени два клучни термини кои исто така ќе се користат и тука: локално контролирано шумарство и инвестирање, и тоа на следниов начин:

> „.. под **локално контролирано шумарство** подразбираме збир на дејства за растење и управување со шумските ресурси и за водење мали претпријатија засновани на шумските добра и услуги, а кои ќе ги спроведуваат малопоседници, групи од заедницата, луѓе што зависат од шумарството и други локални групации кои ќе имаат значителна моќ при одлучувањето.“
>
> „... **инвестирање** тука се подразбира во широк смисол, како видовите дејства што можат да ги зајакнат средствата за локално контролираното шумарство, воглавно собирањето финансии и развојот на човечки ресурси и системи за практично раководство.“
>
> **Важноста на политиките** по ова прашање се истакнува со следнава изјава: „ ...Под соодветни услови, локално контролираното шумарство може силно да придонесе кон локалната егзистенција и одржливиот развој...“ која најчесто се споменува во Европа за руралните области и како дел од политиките за рурален развој. “...Често потребно е подобрено инвестирање за да се исполни овој потенцијал, но тоа инвестрање можеби недостига или е погрешно насочено... Постигнат е голем напредок по овие прашања, но клучните дилеми и ограничувања се сѐ уште неразрешени...“

Следат некои од споменатите карактеристики и изјави, како вовед во делот што се однесува на меѓународното ниво (ТФД 2009):

- Според Светската банка, околу 1,6 милијарди луѓе живеат во шумски екосистеми или во нивна близина. Шумите претставуваат важен ресурс за руралните сиромашни, со околу 800 милиони луѓе што живеат во шуми и шумски предели во тропските области1. Бројот на сопственици на мали, семејни шуми се проценува на околу 30 милиони во развиените земји2. Нема доволно сигурни податоци за земјите во развој, но и нивниот број изнесува десетици милиони. Освен што шумите даваат свој придонес кон егзистенцијата на луѓето преку мрежа на производство за свои потреби, шумите исто така претставуваат и извор на финансиски приход, капитал, вработување и алтернативен систем на здравствена грижа преку шумските растенија.
- Локалните групи или заедници поседуваат или раководат со околу 20% од шумите во земјите во развој3. Според Глобалниот сојуз на општинското шумарство (Global Alliance of Community Forestry), повеќе од 9 милиони луѓе зависат директно од производите и приходите од општинските шуми, но се очекува дека нивниот број е поголем бидејќи во многу земји општинските шуми не се доволно организирани за да може да се даде сигурна проценка на бројот на нивните членови. Секторот на општинските шуми се шири бргу бидејќи владите на многу земји во развој (како на пр. Камерун, Кина, Гана, Индија, Тајланд, Перу, Боливија и Колумбија) им ги пренесуваат сопственоста, раководењето и правата на користење на шумите на локалните заедници и нивните членови под разни договори.

## Некои од клучните проблеми врзани за овие развивања (TFD, 2009)

- Дури и онаму каде што се спроведени правни реформи на договори за користење, правната рамка отсликува застарени и традиционални правни договори и договори за користење и прави да е невозможно за малите учесници и заедници да имаат корист од политиките и правната рамка. Прописите честопати претставуваат пречки за правен пристап до шумите и пазарите, непотребно ги зголемуваат трошоците за трансакции кои ги сносат општествените претпријатија и промовираат корупција и неправедно делење на придобивките.
- Општо земено, локалното население, шумските заедници и малопоседниците се слабо организирани, што значи дека како учесници во пазарот тие не можат да го искористат потенцијалот на продажните цени на нивните производи. Слабиот раководствен и технички капацитет е главното ограничување за нивниот развој и ги прави заедниците да бидат ранливи од надворешните притисоци да вршат незаконски активности.
- Немањето пристап до капитал е честа и основна пречка зашто локалното земјиште ретко може да се користи како гаранција, а банкарскиот сектор нема многу или воопшто нема разбирање за финансирањето и инвестирањето во шумарството.

- Заедниците и малопоседниците се исто така во неповолна положба кога треба да ги исполнат побарувањата на пазарот, кои стануваат се поголеми и покомплексни. Побарувањата како на пр. проверката на правното усогласување, потврдувањето на одржливите практики и утврдувањето на потеклото на шумските производи може да претставуваат голем предизвик.
- Се јавува и загриженост за потенцијалните закани за законските или обичајните права и економскиот статус на луѓето што се зависни од шумите, кои би биле изложени на значителни трошоци и економски загуби ако им се ограничи пристапот до шумските извори. Овие закани би можело да се на пр. во форма на несоодветно определување на финансиска поддршка што ќе доведе до ограничување на пристапот на луѓето до нивните шумски ресурси или пак несоодветно инвестирање во зајакнувањето на капацитетите на локалните структури.

## 2 состојбата со шумите и шумарството во југоисточна европа—севкупни податоци и подрегионални тенденции (според министерската конференција за заштита на шумите во европа - мкзше, 2007)

Подрегионот на Југоисточна Европа[4] содржи 32,8 милиони хектари шуми и близу 15,6 хектари друго пошумено земјиште и претставува околу 16% од површината на шумите и 42% од површината на пошуменото земјиште во Европа, не вклучувајќи ја Руската федерација (види графикон 1). Тоа значи дека сè на сè околу една третина од нејзината површина е покриена со дрва и шумовити предели. Се јавува општа тенденција на благо зголемување на шумите а намалување на останатите шумовити предели, што соодветствува на скромниот прираст на дрвната резерва. Сепак Албанија и Србија пријавија губиток меѓу 2000 и 2005 година во поглед на двете прашања. Интересно е дека површината на широколисните шуми се зголемува од 2000 година наваму, а површината на мешаните шуми постојано опаѓа во Југоисточна Европа.

Пријавено е дека шумската површина достапна за набавка на дрво во 2005 година изнесувала 82%, со благо зголемување меѓу 1990 и 2005 година. Овој процент е ист како и процентот во нордиските и балтичките земји во Европа, а изнесува 10% помалку отколку во Централна и Северозападна Европа. Годишниот нето прираст постојано се зголемува (91 милиони $m^3$ годишно), додека пак годишните сечи се прилично стабилни и изнесуваат околу 40–41 милиони $m^3$ годишно (1990–2005). Во Југоисточна Европа земјите пријавуваат на НАИ годишна стапка на сеча пониска од 50%, освен во Албанија каде стапката на искористување надмина 300% во 2000 година и 500% во 2005 година и претставува силно прекршување на стапките за одржливо сечење.

Што се однесува до силвикултурата, овој подрегион е познат по широката употреба на природно регенерирање, а особено по практиките на нискостеблените шуми (Албанија, Бугарија, Македонија и Србија). Сепак, впечатливо е дека во Европа само Србија и Албанија имаат пријавено над 30 загрозени видови шумски дрва од 2005 година, додека кај повеќето се

јавуваат 0–4 загрозени видови. Во Албанија еден вид е пријавен за исчезнат. Од друга страна пак, големи површини се под заштита за биодиверзитетот и пејзажот. На пример, во Албанија и Србија овој број изнесува многу повеќе од 20%, додека во Хрватска, Грција, Бугарија и Романија тој е понизок од 10%.

Подрегионот е познат по неговите силни рурални традиции што укажуваат дека недрвните шумски производи (НШП) имаат исклучително економско значење и лична употреба. На пример, меѓу земјите од МКЗШЕ, Бугарија е најголем производувач на печурки во поглед на количеството, додека Србија има највисока вредност по тон. Албанија е многу позната по своите лековити билки, а Македонија по производството на мед.

ГРАФИКОН 1. МАПА НА ШУМИТЕ ВО ЕВРОПА И ШУМСКАТА ПОКРИЕНОСТ ВО ЈИЕ




**Proportion of total forest from total land area (% at 1 km x 1 km resolution)**

- < 1
- > 1–10
- > 10–25
- > 25–50
- > 50–75
- > 75–100
- Water
- No data

*Извор: Европски шумарски институт, 2001*

Што се однесува до некои општи трендови во шумарскиот сектор, може да се забележи дека во рамките на Југоисточна Европа, според вредноста на БДП, тој има многу мала улога бидејќи учествува со само 1%, но тој процент е сепак малку повисок отколку во Северозападна Европа, Југоисточна Европа или Источна Европа со Русија. МКЗШЕ (2007) изјавува дека: „... во поглед на додадената вредност во секторот, шумарските активности и активностите врзани за сечење се поважни во нордиските и балтичките земји и во Источна и Југоисточна Европа, додека пак во другите региони, додадената вредност е поконцентрирана во шумарските индустрии.“ Дополнителни податоци покажуваат дека бруто додадената вредност на индустријата за целулоза и хартија во Југоисточна Европа е под вредноста на шумарството и сечењето, и дека 45% ќе бидат произведени во дрвопреработувачките индустрии. Тоа значи дека оние делови од шумарскиот сектор што бараат повеќе технологија и инвестирање, како на пример индустријата за целулоза и хартија и биоенергија се прилично неразвиени. Сепак, од 2000 година наваму,

придонесот на подрегионот кон додадената вредност на шумарскиот сектор во Европа се зголемува (МКЗШЕ 2007).

Со оглед на работната сила во секторот, Југоисточна Европа е подрегионот кој има најмногу вработувања во Европа во силвикултурата и активностите поврзани со сечењето, со околу 45% од вкупниот број во Европа и од 2000 година има прилично стабилна тенденција. Во севкупниот шумарски сектор во Европа вклучувајќи ги и индустриите, во Југоисточна Европа има околу 800.000 вработувања од 3.5 милиони (23% !!) Сепак, само неколку европски земји пријавија зголемено вработување во секторот во периодот 2000–2005 година, меѓу кои од Југоисточна Европа се Турција и Македонија. Во Европа се забележа јасно опаѓање на бројот на вработувања со стапка од -2.0% до -6.9% во периодот од 1990 до 2000 година, а -0.3% до -3.6% во периодот од 2000–2005 година. Исто така треба да се напомене дека „Турција и Југоисточна Европа имаат најмногу вработувања во шумарството по површина на шумите" (МКЗШЕ 2007). Ова поткренува прашања за ефикасноста на вработената работна сила и развојот на технологијата во овој сектор.

Трговијата со дрво во поглед на извозот и увозот исто така бележи значителен пораст од 1992 година и сега има 4–5 пати повисока вредност од тогаш. Таа сочинува нешто помалку од 10% од количеството на европско ниво. Сепак, овој подрегион претставува нето извозник на шумски производи.

Во подрегионот, од деведесетите години на минатиот век Албанија, Србија, Романија и Бугарија се соочија со сериозни измени на условите за сопственост над шумите, при што се јави пораст на приватни и општински шуми.

## 3 приватното и општинското шумарство во западниот балкан

Земјите од Западниот Балкан—Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Црна Гора и Србија имаат една заедничка одлика, а тоа е дека нивните шуми се значаен извор за развојот на руралната економија и приватната сопственост (PRIFORT 2009). Уделот на приватните шуми значително се разликува меѓу земјите, движејќи се од 2% во Албанија до над 50% во Србија, а во останатите држави не изнесува повеќе од 20%. Сепак, со оглед на тоа дека процесите на денационализација и приватизација се сè уште во тек, овие бројки би можело многу бргу да се сменат.

Бројот на сопственици на приватни шуми не е точно утврден но веројатно достигнува 2 милиони, што укажува на многу мала просечна големина на имотот од околу 1 хектар по лице (види Табела 1). Затоа во севкупната слика малите шумски поседи доминираат во Западниот Балкан. Сепак, околу 25% од сопствениците имаат шуми помали од 1 хектар, а има и значителен број на сопственици кои поседуваат повеќе од 3 ha, особено во Србија—38% од приватниште шумски поседи (PRIFORT 2009). Општинските шуми постојат само во Албанија и опфаќаат 356.000 ha или приближно 38% од површината под шуми.

ТАБЕЛА 1: ШУМИ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДНИОТ БАЛКАН, 2004-2008

| Земја | Шумска површина ($10^3$ ha) | Приватни шуми ($10^3$ ha) | Удел на приватните шуми (%) | Број на сопственици на приватни шуми ($10^3$) | Просечна големина на приватниот шумски имот (ha) |
|---|---|---|---|---|---|
| Албанија [5] | 942 | 19 | 2 | 15 | 1,1 |
| Босна и Херцеговина | 2.710 | 523 | 19 | 500 | 1,00 |
| Хрватска | 2.487 | 473 | 19 | 600 | 0,77 |
| Македонија | 997 | 96 | 10 | 240 | 0,40 |
| Црна Гора | 770 | 161 | 21 | | |
| Србија | 2.200 | 1.148 | 52 | 500–800 | 1,8–2,2 |

*Извор: PRIFORT, 2009*

Овој документ го отсликува развојот на приватното и општинското шумарство во Југоисточна Европа и ги истакнува прашањата поврзани со инвестирањето. Следи подетално објаснување за развојот на не-државното шумарство во три земји од Југоисточна Европа: Македонија, Србија и Албанија.

## 3.1 развој на приватното шумарство во македонија (трендафилов и др. 2008)

### Краток историјат на приватните шуми

Архивите содржат документи за шумите на територијата на Република Македонија уште од времето на Отоманската империја, но многу малку се однесуваат на периодот пред Втората светска војна.

По Втората светска војна, голем дел приватно земјиште, вклучувајќи и шуми, било национализирано и се воспоставиле социјалистичките задруги. Во педесетите години од минатиот век се извршило национализација на приватните шуми а сопствениците ги изгубиле своите права на стопанисување. Во многу делови на Македонија национализирањето на приватното земјиште не било добро документирано. Затоа моменталниот процес на денационализација се соочува со тешкотии во обидот да ја врати првобитната состојба. Оние семејства кои поседувале шуми морале да го сменат својот начин на живот и повеќе не ги користеле шумите и принципите на традиционалното шумарство. Сопствениците на малите парцели изгубиле секаков интерес да стопанисуваат со нив.

Во 1991 година Македонија стана независна и повторно стана возможно да се има право на сопственост над земјиште. Наскоро започна и процесот на денационализација и површината на шуми во приватна сопственост се зголеми со загарантираните одредби на Уставот и Законот за денационализација. Сепак, денационализацијата не ги даде саканите ефекти. Во 2008 година процесот запре и сè уште не продолжил. Се очекува дека ќе продолжи но има само 2–3% можно

натамошно зголемување на шумите во приватна сопственост. Од околу 1,4 милиони хектари шумско земјиште, вкупната површина под шуми изнесува околу 950.000 ha од кои приближно 65% се под нискостеблени шуми и шикари (2006). Нивната дрвна маса изнесува околу 51.5 милиони $m^3$, или 39.6% од вкупното количество.

Просечната дрвна маса од 96,4 $м^3$/ha е на ниско ниво во споредба со европската и укажува на општ низок квалитет на шумите во Македонија. Тоа е резултат на историски, општествени и економски фактори. Во Македонија шумите општо, а особено нискостеблените шуми, биле изложени на трајно деградирање и опустошување” (Трендафилов и др. 2008).

Во однос на сопственоста, приватните шуми се простираат на 125.872 ha, додека пак државните покриваат 861.502 ha (Извор: податоци од Државниот завод за статистика, 1996). Според плановите за стопанисување,  државата поседува 903.587 ha, а околу 97.423 ha се во приватна сопственост (10%).[6]

**ГРАФИКОН 2. РАСПРЕДЕЛЕНОСТ НА ШУМИ СПОРЕД ВИДОВИ НА СИЛВИКУЛТУРА И ОГРАНОЦИ НА НАСПШ**




1 **Берово**
2 **Кавадарци**
3 **Кичево**
4 **Куманово**
5 **Радовиш**

*2005/2008*

Приватните шуми се обично мали површини со мало производство на дрво. Во државата има околу 220.000 приватни шумски парцели кои ги поседуваат 65.000 семејства, што значи околу 200.000 сопственици на шуми. Просечната површина на имотот изнесува 0,6 хектари.

Државните и приватните шуми се подеднакво обврзани да ги имаат плановите за стопанисување. Плановите ги изготвува овластена организација—Секторот за уредување на шуми и проектирање, кој функционира во рамките на ЈП „Македонски шуми“.

Приватните шуми се застапени на 220.000 парцели, во просек 0.4 ha/сопственик. Со Законот за шуми од 1997 година се дава можност, група на сопственици кои имаат над 100 ha површина шума сами да си изнајдат квалификуван персонал кој ќе им изработи нивни посебни

планови за стопанисување. Сепак оваа можност досега не е искористена и останува само на ниво на теорија.

Сите услуги за сопствениците на приватни шуми, како што се ознаката или издавањето на дозволи за транспорт, од 1998 се во надлежност на ЈП „Македонски шуми“. До 1998 година, услугите за приватни шуми беа во надлежност на МЗШВ. Според Трендафилов (2008), тоа функционирало подобро од денешниот систем, поради конфликтот на интереси на ЈП како стопанисувач и понудувач на услуги во исто време.

Најзначајно постигнување во шумарската политика на земјата претставува Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Македонија. Таа беше изработена во 2005 а усвоена од парламентот во 2006. Таа е основа и подготовка за сите поголеми одлуки во однос на шумарството во следните 20 години. Целите и мерките наведени во Акциониот план за имплементација се однесуваат на сите шуми во државата. Целта на Владата е да го зголеми придонесот на шумарството кон националната и руралната економија преку одржливо стопанисување со шумите. Шумарството ќе понуди производи и услуги за подобрување на квалитетот на животот на сите на граѓани. Во Стратегијата, шумите се разгледуваат воглавно во поглед на нивната употреба како извор за производство на материјални добра како дрво и недрвни шумски производи (билки, печурки, шумски плодови, дивеч и тн.) Многу малку од прашањата во овој документ се однесуваат на шумите во приватна сопственост. Сепак, сопствениците на приватните шуми ја сметаат Стратегијата за добра основа за развивање на стратегија на Асоцијацијата и општо на приватното шумарство (НАСПШ 2006).

Општо земено, спроведувањето на Акцискиот план засега бавно се одвива и има дадено само неколкју резултати (2008). Се одржаа информативни семинари и консултации за сопсштвениците на шуми за стопанисување со шумите и за пошумување. Повеќето активности утрдени во Акцискиот план се сè уште во  тек.

## 3.2 развој на приватното шумарство во србија (според нониќ и милијиќ, 2008)

Државниот попис на шумите наведува 2,2 милиони хектари шуми во Србија (2008), со 29,1% учество во државното земјиште.

Приватните шуми доминираат во структурата на сопстеност и опфаќаат приближно 52,2% од севкупното шумско земјиште, а по нив следуваат државните шуми кои покриваат 39,8% од севкупната површина под шуми. Во 2008 година, на околу 8% од шумите сè уште не им беше определна сопственоста. Се проценува дека кога ќе се утврди сопственоста на шумите кои спаѓаат во категоријата „друг вид сопственост“, учеството на приватните шуми ќе изнесува 56%.

Севкупната дрвна маса во приватните шуми надминува 162 милиони $m^3$, што претставува 45% од севкупната дрвна маса во Србија. Просечната дрвна маса изнесува 138,5 $m^3$/ha, а вкупниот годишен прираст е на исто ниво како и државните шуми—4,2 милиони $m^3$.

## Развивање на шумскиот имот

Во 19 век шумите воглавно биле во приватна сопственост и на нив се гледало како извор на општествена благосостојба. Различните видови сопственост над шумите—приватната, општинската и руралната се создале подоцна, кон крајот на 19 век, и биле дефинирани во првиот Закон за шумите во Србија во 1891 година. По Втората светска војна, политиката го фаворизирала секторот за приватно шумарство воспоставувајќи го таканаречениот општествен имот преку национализирање на државни, општински, приватни, манастирски и друг вид црковни шуми. Сепак, de jure приватната сопственост над шумите постоела во поранешна Југославија за време на целиот период по Втората светска војна, за разлика од другите социјалистички земји од „Источноевропскиот блок“, иако можностите за стопанисување со шумите биле прилично ограничени. Законодавството и целите на стопанисувањето дефинирани со планирањето на стопанисувањето со шумите не се разликувале многу за приватните и државните шуми. Главните недостатоци на овие прописи биле недоволно јасно дефинираните политики и стратегии, како и политиките за државно управување со приватните шуми (поточно, немало стимули, проширување и друг вид поддршка за здружување—Нониќ, Милијиќ, 2008).[7]

Во 2008 година структурата на приватните шуми во Србија покажа голем број на сопственици на шуми, со соодветни мали просечни шумски имоти, на мали парцели. Повеќе од 72% од сопствениците имаат имоти кои се помали од 1 ha, 26% поседуваат имот со големина меѓу 1 и 10 ha, а само 2% од сопствениците имаат имоти поголеми од 10 ha (Државен попис на шумите, 2008). Затоа Милијиќ (2008) наведува дека „ ... секторот за приватно шумарство во Србија се одликува со голема расцепканост на имотите, голем број на имоти и сопственици и недоволно стопанисување со шумите“.

Иако сопствениците на приватни шуми стопанисуваат со своите шуми, на јавните шумски претпријатија им се доверени некои основни технички задачи околу стопанисувањето со приватните шуми.[8] Согласно Законот за шумите од 1991 година, сопствениците на приватни шуми ги имаат следниве обврски (Нониќ, Милијиќ, 2008):

- Да работат според план за стопанисување со шуми;
- Приватните шумски служби да ги означуваат дрвата пред сечење;
- Задолжителна надокнада за исеченото дрво, која сопственикот ја плаќа на приватната шумска служба на јавното претпријатие[9];
- Задолжително жигосување на исеченото огревно и градежно дрво и издавање дозвола за транспорт од страна на јавното претпријатие за шуми.

Во моментов во Србија постојат два основни вида на организирање на сопствениците на шуми—моделот на шумска зедница, чија цел е заедничкото стопанисување со шумските поседи, и здружението на сопственици на шуми, чија цел е да ги застапува интересите на своите членови додека повеќето задачи околу стопанисувањето со шумата ќе ги изведува само.

Постои една шумска заедница која постојано се развива од 1903 година, а тоа е шумската заедница Беочин. Досега има собрано околу 80 члена и е единствена по своето постоење и организација. Во периодот од 2006 до 2009 година формирани се неколку неколку здруженија на сопственици на приватни шуми (ЗСПШ) во земјата (околу 14 до 2009 година). Здруженијата се невладини организации и нивните статути и општи цели се слични (Милијиќ, 2007). Здружението како тело координира заеднички работи, како на пример подобрување на инфраструктурата во шумите, заеднички пласман на производите на пазарот или активности за обука. Структурата на државната организација на сопствениците на шуми е иста како онаа во Хрватска.

### Развивање на политиките

Во јули 2006 година беше усвоена Стратегијата за развој на шумите во Република Србија. Стратегијата ја дефинира улогата на државата во развојот на шумарскиот сектор како и улогата на секторот за шумарство во домашниот развој, осврнувајќи се и на прашања од областа на животната средина и нејзината заштитата. Стратегијата исто така ги дефинира врските меѓу државните и приватните шуми.

Еден од клучните елементи на Стратегијата е институционалната реформа на секторот за шумарство. Тука се опфатени следните прашања:

- редефинирање на улогите и одговорностите во шумарскиот сектор на централно, регионално и локално ниво и нивните меѓусебни врски;
- зголемена улога на приватниот сектор во понудувањето добра и услуги;
- развој и јакнење на капацитетите на невладините организации на локално ниво;
- дефинирање на улогата на шумарството во руралниот развој;
- транспарентност.

Стратегијата исто така се надоврзува и на правните задачи што треба да се исполнат и ја дефинира изработката на нов закон за шумите, а исто така ја дефинира и Националната програма за шумите (НПШ) како акциски план за нејзиното спроведување.

Стратегијата ја истакнува и потредбата од развој на мали и средни претпријатија во шумарството. Во Србија ова е особено важно во руралните области и се однесува на производството на градежно и огревно дрво за сопствени потреби, а помалку за потребите на пазарот. Основната цел на основањето и развивањето мали и средни претпријатија во шумарството е да се олесни зголемен придонес на шумарството кон економскиот и социјалниот развој, овозможувајќи подобар животен стандард и повеќе вработувања.

Потоа беше изготвена и Стратегија за развој на мали и средни претпријатија и претприемништво во шумарството и индустиите што се засноваат на шумски производи, за периодот 2003–2008 година. Таа се однесува на поддршката, правните пречки, финансиските елементи, образованието и обуката, промовирањето на извоз, а се однесува и на некои технички прашања.

Нониќ и Милијиќ (2008) заклучуваат дека овие стратешки документи и нивното спроведување треба да доведат до значителен развој на приватното шумарство во Србија.

## 3.3 развој на не-државниот шумарски сектор во албанија (според лако, 2008)

Повеќе од 50% од површината на земјата е покриена со шума. Земјоделството и шумарството се две важни компоненти на руралниот живот и домашната економија. Селаните се занимаваат и со земјоделство и со шумарство, што е типично за мешовити земјоделско-шумарски системи. Во 1992 година овие сектори учествуваа во бруто домашниот производ (БДП) со 42,5%, но во 2005 година нивниот придонес изнесуваше само 20,7%, значително понизок процент но сепак многу важен. Статистиката покажува дека годишниот приход на шумарскиот сектор изнесува 0,83–1,5 милиони евра годишно, приходот од дрвен материјал е 50–75%, а лековитите билки и другите не-дрвни шумски производи изнесуваат 12–30% од тој износ (Проект АНФИ—Специјална студија за општ план за шумите и пасиштата, 2004 год.). Приходот за 2002 година изнесуваше приближно 1,44 милиони евра.

Заедно со огревното и градежното дрво, шумските површини се користат за пасење на стока и за сточна храна. Тоа значително придонесува кон приходите на руралните семејства. Постојат индикации дека приходот од шумарството (огревно дрво, градежно дрво, пасење и сточна храна) изнесува околу 20% од вкупниот годишен приход на руралните семејства.

Впечатливо е дека повеќе од 62% од шумските поседи земени како примерок се наоѓаат на косина од 40%, што покажува со колкави тешкотии се соочува стопанисувањето со шумите во Албанија, особено во поглед на сечењето. И покрај овие ограничувачки фактори, условите се погодни за растење шуми, но продуктивноста на шумите (во просек од 1,4 $m^3$ дрво по хектар) е многу пониска од продуктивноста на шумите во другите европски земји. Промените на пејзажот преку отворањето земјиште за земјоделство, прекумерното пасење, пожарите, пасењето, сечењето, како и сè поголемиот притисок за градежно и огревно дрво потребно за сè побројното население претставуваат значајни фактори кои доведуваат до деградација на шумите во Албанија.

Во Албанија има 415 фабрики за преработување на дрво, кои годишно преработуваат 360,000 $m^3$ дрво.

Албанија е исто така позната и по квалитетот на нејзините недрвни шумски производи како на пример лековитите билки, маслените билки или билките кои содржат танин. Секоја година се извезуваат повеќе од 7.400 тони во вредност од 10 милиони американски долари (2004).

Во последните 60 години во периодот на комунизмот и транзицијата, шумарството во Албанија претрпе значителни промени. Шумската површина се намали за повеќе од 300.000 хектари а повеќето шуми претрпеа деградација преку прекумерно сечење и пасење (Министерство за земјоделство и прехрана, 1998). Исто така назначено е дека деградацијата на шумите и ерозијата претставуваат главни прроблеми во стопанисувањето со природни ресурси во Албанија.

## Историски развој на шумското земјиште

Пред 1945 година, поради Шеријатот на Отоманската империја, површината на приватните шуми во Албанија била многу мала и не надмнувала 5% од вкупната површина под шуми (приближно 63.000 ha). Албанскиот парламент го усвоил привиот закон за шумите во 1923 година. Тој ги признавал приватните шуми и пасишта и правата на сопствениците да ги поседуваат и да остваруваат профит од нив. Шумите не смеело да се претвораат во земјоделско земјиште ако не можело да се оствари голема заработка од земјоделството. Ако некој исечел дрва без дозвола во приватните шуми, бил обврзан повторно да го пошуми земјиштето, а морал да плати и казна. Постоеле три категории на сопственост: приватна, општинска (административна единица составена од неколку села) и државна сопственост.

Национализацијата на шумите се спровела по Втората светска војна, во 1945 год. Во 1966 година се создале земјоделските задруги и со тоа исчезнала и приватната сопственост. Сето земјиште, вклучувајќи ги и шумите, преминало во државна сопственост со Уставот од 1976 год. За време на комунистичкиот режим се сметало дека „државниот имот не е ничиј имот", што довело до голема деградација на многу шуми, воглавно оние што биле близу до селата.[10] Луѓето вршеле голем притисок над шумските ресурски (огревното дрво и пасењето) што довело до деградирање на шумите, особено на високостеблените шуми и шумите што се наоѓале близу до населени места. По средината на осумдесетите години од минатиот век, инвестирањето во стопанисувањето со шумите значително опаднало.

Приватната сопственост, вклучувајќи ги и шумите, повторно била правно признаена по економските и општествените промени во деведесетите. Тогаш денационализацијата имала за цел да ги врати шумите во приватна сопственост на истото ниво на кое биле и во 1945 година. До 2007 година се извршила денационализација на 19.000 ha или помалку од 30% од површината под шуми во приватна сопственост, кои сега им биле вратени на првичните сопственици. Сепак овој процес се одвива премногу бавно поради проблеми со процедурите и општо недоволно познавање на законот.

Иако сите пасишта и ливади ќе им се вратат на првичните сопственици, шумската површина е ограничена и не може да надмине 100 хектари. Користењето на државните шуми им е пренесено на единиците на локална самоуправа (општините/селата), што претставува една од најважните реформи спроведени во Албанија. Пренесувањето се врши на општините, а потоа тие склучуваат договори со селата или со поединци—корисници (семејства).

Процесот на пренесување започнал во 1996 година во соработка со Светската банка.

Спроведувањето на Стопанисувањето со општинските шуми (СОШ) се заснова на партиципативно стопанисување со општинските шуми од страна на руралните заедници. Тие се организирани во Здружение на корисници на шумите и Комисии за селските и општинските шуми.

При пренесувањето на сопственоста во периодот од 1996–2003 година постигнати се следниве достигнувања:

- Пренесена е сопственоста на 138 општини со 1.290 села;
- 724.000 жители од селата биле вклучени во стопанисувањето со општинските шуми;
- 356.000 ha државно земјиште е пренесено на користење на единиците на локална самоуправа.

Идејата зад СОШ во поглед на пренесувањето на користењето на шуми не е само да се вратат шумите, туку и да им се врати и одговорноста на луѓето за стопанисување со шумите. Затоа СОШ претставува и дел од локалните процеси за зајакнување и градење капацитети.

Новата фаза од процесот на пренесување започна во 2007 година. Сопственоста и користењето на државните шуми не можеа да им се пренесат на Единиците на локална самоуправа по нивно барање. Овој процес заврши во сите општини во Албанија и сега околу 530.000 хектари се сопственост на општините (2009 год.) Следен чекор е да се дефинираат правата на сопственост/користење за селата, семејствата и поединците онаму каде ќе се јави потреба за истото.

Со цел да се стопанисува со општинските шуми, сите корисници на истите се организирани како членови на Здружението на корисници на шуми и пасишта. Организираноста и функционирањето на Здружението се сè уште проблематични во многу случаи поради следниве фактори (Лако, 2008):

- Локалното население нема доволно познавања од законот за Здружението на корисници на шуми и пасишта.
- Локалните заедници мислат дека Здружението на корисници на шуми и пасишта го назначуваат или единиците за локална самоуправа, или месните шумски служби.
- Здруженијата на корисници на шуми и пасишта не се во можност да остварат приход.

Општините и Здруженијата на корисници на шуми и пасишта се организирани на регионално ниво во Федерации на регионални оптински шуми и нивната главна цел е застапување на интереси. Во 2005 година се основаше и Националната асоцијација на општински шуми и пасишта на Албанија.

Во поглед на приватното шумарство, Лаго (2008) вели дека „... во Албанија политиката за стопанисувањето со приватните шуми не е готова а процедурите за спроведување не се утврдени. Правните одредби не ги отсликуваат реалните промени во стопанисувањето со приватните шуми. Шумарскиот акт и Стратегијата за развој на секторот за шуми и пасишта едвај ги споменуваат приватните шуми и не ги дефинираат целите и методите за нивното одржливо стопанисување“.

Недостатокот на организација на сопствениците на приватни шуми е едно од главните прашања врзани за одрживото стопанисување со шумите. Во моментов има Регионално здружение на приватни шуми, кое брои 1.000 членови и покрива 10.500 хектари. Според Лако (2008 год.)

сопствениците на приватни шуми се соочуваат со многу тешкотии при стопанисувањето со своите шуми.[11] При процесот на денационализација се јавија следниве проблеми:

- Не постојат одредби кои ќе ги објаснат правата и односите меѓу приватните сопственици, шумската служба и локалната самоуправа, како и меѓу самите сопственици на шумите.
- Денационализацијата на шуми што се наоѓаат на заштитени области и во туристички зони не е дозволена (додека пак денационализацијата на земјоделско земјиште е дозволена). Во овој случај се врши обештетување на сопствениците на шумите.
- Недостигаат документи за сопственост.
- Законските одредби што се однесуваат на денационализацијата на шумите не се познаваат доволно.

Стратегијата за развој на секторот за шуми и пасишта беше изготвена во 1998 година како дел од Проектот за развој на приватното шумарство во Албанија, финансиран од USAID. Само една година подоцна, во 1999 година беше изготвена првата Стратегија за развивање на шумарството во Албанија. Оваа стратегија има за цел да овозможи оптимален придонес кон економскиот раст и одржливото стопанисување со шумите, а во 2004 година беше ревидирана. Сега нејзините главни цели се (Лако, 2008):

- Да се истакнат врските и суштинската важност на шумарството за да се исполнат целите за развој на другите сектори—земјоделство, енергетика, вода, рурален развој и туризам—и на тој начин да се потпомогне спроведувањето на планирање и координирањето на програмите;
- Да се овозможи повисокото ниво на власта јасно да го разбере потенцијалниот придонес на шумарството кон домашниот развој и така да го поддржи со соодветна политика, надлежност и ресурси;
- Да се олесни меѓународната поддршка на шумарството со тоа што ќе се дозволи партнерите заинтересирани за развој да видат како нивните ресурси може да бидат и ќе бидат максимално искористени;
- Да се надминат несигурностите во приватниот сектор, кои инаку би можеле да ги ограничат позитивните инвестиции (пр. за развој на дрвната индустрија или туризмот) и на локално ниво, меѓу многуте земјоделци и сточари и руралното население, кои вака ќе се чувствуваат посигурни во практикувањето на заштитата и мудрото стопанисување со нивните шумски ресури.

## 4 предизвици со кои се соочува стопанисувањето со приватните и општинските шуми во југоисточна европа

Овој дел се осврнува на проблемите со кои се соочуваат сопствениците на шуми во Југоисточна Европа, и како поединци, и како заедници. Во контекстот на овој документ овие предизвици се

очигледни знаци за потребите од инвестиции и продолжување на реформите на стопанисувањето со шумите.

Бројките претставени во Табела 1 покажуваат дека на расцепканоста мора да се гледа како одлучувачки фактор за приватното шумарство во подрегионот. Сепак, постојат значителни разлики во поглед на уделот на расцепканите шуми. Расцепканоста на шуми доминира во Србија и зафаќа 86% од поседите, а најниска е во Македонија и опфаќа 57% од поседите (PRI-FORT 2009).

Прашањето на расцепканост е во голема мера поврзано со незадоволителната состојба на Катастарот во речиси сите земји. Расцепканоста на земјиштето многу го отежнува означувањето на границите на терен. На тој начин, тргувањето и наследството на шумите станува речиси невозможно. Сепак, овие проблеми се однесуваат и на други категории на земјиште, како и на целиот земјоделски сектор и урбаните подрачја. Катастарот претставува општ проблем во Македонија, Србија и Албанија.

Во Албанија правната рамка за општински шуми сè уште е контрадикторна и истовремено содржи и стари прописи кои се сè уште на сила.

Во изминатите години општинските шуми постигнаа голем напредок. Добрите примери се присутни секаде бидејќи пренесувањето доведе до подобрување на стопанисувањето со деградирани шуми (Лако, 2008). Ова произлезе од зголемениот интерес на општините и учеството на селаните во процесот. Сепак, позитивниот развој е во голема мера попречен поради контрадикторната улога на Месните шумски служби бидејќи тие се сè уште официјалната владина организација која е одговорна и за инспекција и стопанисување со тие шуми. Ова се спротиставува на улогата на општините и предизвикува конфликти во практиката зашто во идеални услови Месната шумска служба треба да има само советодавна и/или контролна улога.

Сепак, со оглед на развојот на шумарските политики за поддршка на децентрализирањето на стопанисувањето со државните шуми, вклучувајќи ги и правните дејства, може да се каже дека навистина е постигнат напредок. Во повеќето општини што беа вклучени во процесот на пренесување беа формирани Здруженија за корисници на шуми, што подоцна доведе до создавање на регионални федерации и на Национална асоцијација. До крајот на 2006 година, процесот на пренесување се заврши во 138 општини, вклучувајќи 1.290 села и 160.118 семејства. Денес овој процес е завршен во речиси сите општини во Албанија. Процесот воглавно има надворешна поддршка (USAID, NRDP, SNV итн.). Искуството покажува дека стопанисувањето со шумите од страна на локалното население е успешно, воглавно поради економските, социјалните и еколошките последици со кои се соочува населението. И покрај постигнувањата, многу учесници имаат впечаток дека процесот на пренесување се одвива бавно и не е сосем завршен бидејќи семејствата немаат добиено документи со кои може да се докаже нивното право на сопственост. Затоа постојат нејаснотии, и тоа од повеќе причини (Лако, 2008):

- Нејасни политики врзани за остварувањето приход и одржливото стопанисување со општинските шуми од страна на локалните заедници;

- Пропусти во правните прописи и нивното спроведување на општинските шуми и тоа што тие не се соодветно спроведени;
- Недоволни капацитети на единиците за локална самоуправа да го олеснат овој процес;
- Недоволно познавање на процесот од страна на корисниците и недовербата кон владините дејства, и тн.

Во поглед на пренесувањето на имотот од државата на општините, процесот мораше да продолжи дури и по исполнувањето на правното дејство. Ова се должи на фактот дека во поглед на постојното стопанисување со шумите постигнат е само мал напредок. Единиците на локална самоуправа и здруженијата на корисници на шумите го немаат потребниот организациски и технички капацитет за да стопанисуваат со општинските шуми. Недостатокот на компетентност и финансиски средства укажува дека одржливото стопанисување со шумите сѐ уште не е возможно во повеќето случаи.

Друг проблем кој се јавува е деградацијата на земјиштето преку, на пример, ерозија. Овој проблем не се јавува само во шумарството туку и во земјоделството. Приближно 123.000 хектари земја се напуштени (1997 год.). Ова земјиште е подложно на натамошно деградирање. Друг аспект врзан за деградацијата е неконтролираното или нелегално сечење огревно дрво. Повеќе од 400.000 семејства живеат во засегнати области и тие трошат околу 1,2 милиони $m^3$ огревно дрво годишно, а најголемиот дел го снабдуваат со недозволена сеча на државните шуми.

Главните предизвици со кои се соочува Стопанисувањето со општински шуми се следниве (Лако, 2008):

- Подобрување на шумарските политики кои се однесуваат на општинското и приватното шумарство, на пр. за прашања врзани за сопственоста, стимулите и остварувањето приход;
- Недостаток на политичка волја на одлучувачките тела да го расчистат преклопувањето на надлежностите и одговорностите на Месните шумарски служби.
- Нема соодветна методологија за означување на природните граници на селата/општините;
- Шумарската служба произволно решава за шумското земјиште кое ќе им се пренесе на селата/општините, не земајќи ги предвид вообичаените граници како и барањата на општината, и слично.

Во Србија и Македонија јавните шумарски претпријатија имаат неколку технички задолженија во приватните шуми. Сепак, постоечката организираност и техничките услуги за приватните шуми како и непостоењето на независна советодавна служба не ги задоволуваат потребите на сопствениците според здруженијата на сопствениците на приватни шуми. Најголемиот недостаток во моменталниот систем на организирање професионални и технички задачи во приватните шуми е јасниот судир на интереси на јавните претпријатија кои ги изведуваат овие задачи. Со оглед на тоа што главната задача на јавните претпријатија е да стопанисуваат со државните шуми, за нив стопанисувањето со приватни шуми претставува конкуренција. Понудувањето

услуги на сопствениците на приватни шуми предизвикува судир на интереси, бидејќи државните шуми не можат да бидат независни во техничките активности и давањето совет на потенцијалните конкуренти (Бегуш, 2006)

Во Србија сѐ уште нема планови за стопанисување со приватните шуми, па шумарите сѐ уште немаат доволно информации за приватните шумски имоти/шуми и затоа и немаат доволно јасна слика за состојбата, што доведува до несоодветен пристап кон стопанисувањето со приватните шуми. Во Македонија сопствениците на шуми тврдат дека практиката на планирање и стопанисување со шумите е најголемиот проблем со кој се соочува шумарството во изминатите десет години. Комуникацијата меѓу сопствениците на шумите и шумарите е најчесто во насока од шумарите до сопствениците и воглавно се однесува на правните процедури. Дополнителните услуги се ограничени бидејќи процедурите се премногу сложени. Се нудат некои дополнителни услуги, како на пример ознака на дрвата, но оваа услуга не е координирана и организирана. Затоа, според Нониќ и др. (2007) реорганизацијата на професионалните и техничките услуги и воспоставувањето на советодавна служба за приватното шумарство се сметаат за приоритети за и натаму да се подобри овој сектор во Србија. Истото важи и за состојбата во Македонија.

Во Србија исто така и уставниот статус на приватните шуми е спорен, зашто приватната и државната сопственост се еднакви и имаат еднаква правна заштита, но сите природни ресурси се сметаат за „добра од јавен интерес“ и затоа ги поседува државата. Оваа формулација не е усогласена со модерното сфаќање на приватната сопственост, туку потсеќа на нејасните правни формулации во социјализмот. Приватната сопственост треба да биде пред сѐ сопственост на некоја одредена личност или организација, што не значи дека јавниот интерес автоматски се занемарува. Покрај тоа, поддршката на финансиските, организациските или човечките капацитети за приватните сопственици почна и во двете земји неодамна. Како дел од активностите на Националната програма за шумите и Националната стратегија за шумите, постигнато е многу во поглед на градењето на капацитетите на  јавната шумска управа и поддршката на здруженијата на сопственици на шуми. Активностите се  одвиваат преку работилници и едуцирање на сопствениците на шумите.

Овие прашања што се однесуваат на спротиставените прописи, преклопувањето на правата и одговорностите на организациите и судирот на интереси што произлегува од монополското однесување кон приватните шуми предизвикуваат неефикасно спроведување на одржливо стопанисување со приватните или општинските шуми во Западниот Балкан. Овие прашања се особено впечатливи, ако се знае дека по речиси дваесет години транзиција од социјалистичкиот кон капиталистичкиот систем, врските помеѓу традиционалните учесници во шумарството се сѐ уште непроменети на подрачјето на Западниот Балкан. Најмногу моќ има јавната шумска управа и државните шумски претпријатија. Делувањето на сопствениците на шуми е сѐ уште условено од јавните организации, што не остава доволно простор и финансиски средства за можност за развој. Така, постигнато е многу малку од страна на властите за да им се помогне на сопствениците на приватните шуми и да им се даде сериозна и соодветна улога во шумарската политика (PRIFORT 2009).

Во поглед на овие проблеми, различни автори и организации и резултати од различни проекти произлегоа со различни предлози за решенија. Во Србија, како резултат на проектот TCP на FAO наведени се следниве мерки (2007 год):

- Редефинирање на улогите и одговорностите и внатрешните односи во организациите во секторите со јасно разграничени функции (извршна функција, контролна функција, поддршка и сопственост);
- Воспоставување нови институции, на пр. Агенција за шумите[12];
- Дефинирање на правата и одговорностите на организациите за стопанисување со државните шуми;
- Стимули за организирање на сопствениците на приватни шуми и заедничко стопанисување со шумите, и тн.

Натамошните организациски реформи, како на пример воспоставувањето на Агенција за шумите и засилувањето на дополнителни приватни шумарски организации зависи од усвојувањето на Предлог Законот за шумите (Нониќ, 2007). Другите реформи, како на пример услугите за приватните шуми во рамките на јавните претпријатија зависат од внатрешното реорганизирање на јавното претпријатие, што сè уште не започнало како процес.

Оваа табела е резиме на критичните прашања и препораки кои ги идентификува Националната асоцијација на општински шуми и пасишта во Албанија во 2006 година (Лако, 2008 год.)

**ТАБЕЛА 2: КРИТИЧНИТЕ ПРАШАЊА И ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ШУМАРСКИТЕ ПОЛИТИКИ И ЗАКОНОДАВСТВОТО ВО АЛБАНИЈА (2006)**

| КРИТИЧНИ ПРАШАЊА | ПРЕПОРАКИ/ПРЕДЛОЗИ СУГЕСТИИ |
|---|---|
| Недоволно јасни и соодветни политики за поседување земјиште и стопанисување со општински шуми | Да се подготви пакет на права на сопственост над општинските шуми и подобрување на прописите за пренос на сопственост и стопанисување со општинските шуми |
| Законот за општински шуми не е добро дефиниран (моменталниот закон не се задржува на прашања од областа на шумарството, како на пр. правата на сопственост и користење, децентрализација и распределба на надлежности) | Да се исполни правната рамка за општинските шуми да преминат во сопственост на селата и локалната управа, и одржливо стопанисување со шумите од страна на локалната заедница. |
| Законот за општински шуми не е добро дефиниран (моменталниот закон не се задржува на прашања од областа на шумарството, како на пр. правата на сопственост и користење, децентрализација и распределба на надлежности) | Да се подобрат шумарските политики за да се поттикне остварување приходи преку општинските шуми, вклучувајќи и недрвни шумски производи, дивеч, лов итн. и да се овозможат правни и институционални инструменти за тоа како да се искористат овие приходи за да се подобри животот во локалната заедница. |
| Недоволно права за сопствениците да остваруваат приход врз основа на активностите во општинските шуми | Да се децентрализира донесувањето одлуки за тарифите за шумарството на ниво на локална власт. |
| Недостаток на технологија и технолошки трансфер | Да се воспостави ефикасна служба за понудување дополнителни услуги за општинските шуми. |

*Извор: Лако, 2008 год*

Прашањата за градење капацитети ублажуваат некои од горенаведените технички и институционални или административни проблеми.

Со оглед на тоа што повеќето земји имаат постигнато многу во поглед на реформирањето на нивиот сектор за шумарство и економијата воопшто, но истовремено се соочуваат и со судир на интереси во овие реформи, градењето капацитети има среднорочно или долгорочно влијание. Во повеќето земји од Југоисточна Европа, градењето на капацитетите на учесниците беше дел од општиот процес на шумарската политика на националните програми или националните стратегии за шумите, или пак произлезе од перспектива на нов учесник. Во некои случаи имаа влијание и одредени проекти финансирани од меѓународните фондови.

Во процесот на Националниот акциски план за шумите во Србија, предлозите поврзани со управувањето со шумите и дополнителните услуги се однесуваа на градењето на капацитетите на двете институции. Беа организирани обуки и научни посети за потесен круг инспектори и стручњаци за проширеното шумарство. Исто така беа идентификувани и потребите за обука на сопствениците на приватни шуми по пат на интервју. Беа развиени и проширени планови за службата за инспекција и за службата за приватни шуми во рамките на ЈП „Србијашуме“ и националниот парк Тара (Нониќ, Милијиќ, 2008 год.). Се примени методологијата „обука на обучувачи“. Беа опфатени прашања за учеството на шумарството, методи за проширување и групно промовирање, како и некои конкретни примери на шумарски операции проследени со примена на правото, понудувајќи поотворен начин за справување со клиентите од управата. Исто така беа опфатени и комуникацијата со сопствениците на приватни шуми, правата и обврските на сопствениците вклучувајќи ги и црковните шуми и спроведувањето на плановите за стопанисување со шумите во приватна сопственост. Како резултат на процесот на градење капацитети, 13 кандидати се квалификуваа како обучувачи, а 51 лице, инспектори и шумарски инженери учествуваа во натамошните обуки. Се очекува идното градење капацитети да го преземе домашната група и квалификуваните обучувачи. Се случија и некои пилот-активности насочени кон градењето капацитети во малите и средни претпријатија од областа на шумарството. Првите две МСП веќе ги регистрираа своите активности и примија средства од државниот буџет. Нивните планови за развој се користат како материјал за обука или како водич за развивање бизниси.

Во Македонија програмите за средно и високо образование започнаа да го воведуваат и предметот „претприемништво“. Во поглед на шумарството, ова ќе го стори средното шумарско училиште во Кавадарци и Шумарскиот факултет во Скопје. Економскиот факултет и Машинскиот факултет исто така го воведоа овој предмет во наставата.

## 5 малите претпријатија во шумарскиот сектор во одредени држави од југоисточна европа

Секторот на МСП е `рбетот на економскиот развој во многу домашни пазарни економии во Европа. Искуствата покажуваат дека МСП имаат значително влијание врз домашното производство и приход и релативно високо влијание врз вработувањето укажувајќи дека стратешките цели на национално, регионално и локално ниво треба да овозможат зајакнати рамковни услови за нив.

Во Србија, потенцијалите и важноста на секторот на МСП се прифатени во документите за стратешко планирање на шумарството. Стратегијата за развој на шумите во Република Србија (2006 год.) ја истакнува потребата од развој на мали и средни шумарски претпријатија.

Главните цели за развојот на малите и средните претпријатија се објаснуваат преку зголемениот придонес на шумарскиот сектор кон економскиот и општествениот развој на национално ниво. За периодот од 2003–2008 година беше усвоена *Стратегија за мали и средни претпријатија и претприемништво*, поврзана со директните мерки за промовирање на активностите на МСП во шумарството и индустриите поврзани со шумарството. Главните стратешки насоки на оваа стратегија се следниве:

- Поддршка на малите и средни претпријатија во примарниот сектор,
- Поддршка на институциите во поглед на интересите на компаниите за разрешување на правните ограничувања,
- Финансиски, образовни мерки и мерки за обука, како на пример промоција на извоз, анализа на секторот и мерки за техничка поддршка.

За шумарските МСП и оние МСП чии активности се засноваат на шумарството се смета дека имаат голем потенцијал да помогнат во заздравувањето на домашната економија.

Во Србија денес има околу 3.000 мали и средни компании чија работа се заснова на шумарството. Од нив 98% се мали/микро претпријатија. Тие претежно се појавиле за време на процесот на приватизација на претпријатието за стопанисување со јавните шуми ЈП „Србијашуме" од 2001 година. Во меѓувреме околу 400 МСП потпишуваат годишни договори со ЈП „Србијашуме" и пружаат услуги за сечење, влечење, пренос на дрвни сортименти, како и за превоз и работи врзани со одледувањето шуми. Во понудувањето услуги за шумите во државна сопственост МСП учествуваат со 88% во сечењето, 77% во влечењето и 70% во извлекувањето. Во изминатите три години 70 различни МСП беа ангажирани во работи врзани за одгледувањето на шумите, 227 во сечењето и влечењето а 193 во превозот и сплаварењето.[13] Само 16 МСП се занимаваа со производство на садници и семиња. Овој бизнис не е доволно развиен меѓу приватните претпријатија и сочинува само 2% од севкупното производство.

Повеќето МСП во шумарскиот сектор се семејни или микро претпријатија чиј капитал се состои веројатно од камион и опрема за сечење. На пример, еден производител на ќумур може обично да управува со 2–7 фабрички печки. Тој можеби поседува камион и можеби купува дрво и јаглед од други производители со цел да понудува на поголемите пазари. Има многу сопственици на приватни шуми кои живеат само од приходот што го остваруваат од шумите. Нониќ и Милијиќ (2008) исто така укажуваат на предизвикот од големиот број на конкурентни претпријатија што често извршуваат нерегистрирани дејности, како на пример нерегистрирани објекти за пилани или ќумур. Уште еден важен аспект е дека тие обично вработуваат неквалификувани работници без соодветна обука за стопанисување со шуми или управување со машини, без дозволи и формално образование.

Во поглед на другите актиности, во Србија има МСП регистрирани за:

- Собирање и преработување на недрвни шумски производи (ќумур, лековити билки, терпентиново масло, печурки, диви плодови, овошки, мед итн.);
- Услуги во областа на туризмот и рекреацијата
- Ловство и риболов.

МСП во Србија пријавија тежок пристап до финансиски капитал за да инвестираат во понапредните технологии и информатичката технологија, како и недостаток на капитал за тековните активности. Со повеќе капитал, понапредни технологии и интернет технологија ќе се овозможи сечење и купување преку договори за продажба на сечиште во шума, како и добивање суровини и од приватните и од државните шуми, што не е случај сега.

Исто така, практиката на ЈП „Србијашуме" да плаќа за услугите со дрвни производи од слаб квалитет, како на пример огревно дрво и остатоци, создава долгорочни проблеми во МСП. Оваа практика го поткопува спроведувањето на услугата, како и плаќањето на побарувања од некои трети страни. Со таквата практика се намалува ликвидноста, се убедуваат некои претпријатија да го засноваат својот бизнис на производство на ќумур за кој суровините доаѓаат од дрвото за компензација за пружените услуги.

Една од најголемите неповолности со кои се соочуваат МСП е степеност на расцепканост на земјиштето под шуми во Србија. Иако сопствениците на приватни шуми ги поседуваат речиси половината извори на шумски ресурси, само 20–30% од нивното производство се состои од индустриско обло дрво, а остатокот е воглавно огревно дрво (Салми, 2006). Во повеќето случаи приватните шуми се долги и тесни појаси  со неправилна форма што е резултат на постојано поделување поради наследство. Во моментов, повеќе од 90% од шумите имаат потреба од соодветни планови за стопанисување. Насобраните ефекти што се јавуваат како резултат на непостоењето на планови за стопанисување со приватните шуми се гледаат преку постојаното влошување на квалитетот и капацитетот на производство на повеќето шуми. Исто така, иако катастарот за шумите постои од триесетите години на минатиот век, демаркацијата на шумите не е завршена и од околу 50.000 km шумски граници, сè уште не е извршена демаркација на 15.000 km. За да се заврши демаркацијата потребни се многу средства, но сепак овој процес е многу важен бидејќи може да доведе до постојани кавги меѓу шумарската управа, сопствениците на приватни шуми и локалните заедници (Кир, 2003 год.)

Поради економските околности во Србија, слабиот капацитет за предприемништво и слабото образование во поглед на пазарот и стопанисувањето, МСП во шумарството не користат или немаат пристап до кредити и заеми од банките. Повеќето МСП наведуваат дека каматните стапки се сè уште многу високи. Од друга страна пак, банките не сакаат да им позајмуваат на малите шумски производители зашто шумските производи не им се видливи и поврзани со различни можности за успех во трговијата и остварувањето профит. Шумските производители пак не се организирани и имаат слаб капацитет за претприемништво. Сите девет сопственици/раководители на МСП кои беа интервјуирани во рамките на студијата спроведена во

Мајданпек (FORNET 2009) потврдија дека тешкотиите со инвестирањето и слабиот проток на капитал се главните тешкотии со кои се соочуваа нивниот бизнис. Сепак, постојат неколку програми за кредити и грантови во рамките на Секторот за рурален развој на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кои се финансирани со средства од ЕУ. Програмите за грантови се наменети на рурални организации или компании и се пропишува дека примателот мора да оствари соодветен грант од 40%. Што се однесува до заемите, има неколку банки што утврдуваат ниски каматни стапки (4%) за клиентите ако добијат гаранции од страна на секторот. МСП наведоа дека многу малку знаат за овие можности и дека е очигледно дека Секторот за рурален развој треба да нуди потранспарентни информации и подобро да ги шири истите. Милијиќ (2008) истакнува дека во овој поглед постои еден структурен проблем, а тоа е дека нема воспоставени улоги и модели на јавно и приватно партнерство во финансирањето на МСП и дека нема доволно комуникација и размена на информации помеѓу Владата и приватниот сектор. Ова делумно се должи на феноменот што оние институции на кои им е доверена оваа задача се формирани по модел од социјалистичкиот период. Овие институции првобитно беа насочени кон понудувањето услуги за големите државни претпријатија па така сега се борат да се прилагодат кон условите на изменетата пазарна економија и новите клиенти, во случајов МСП.[14]

Табела 3 претставува податоци за малите и средните претпријатија во Македонија чии активности се поврзани со шумарството (2004 год.)

**ТАБЕЛА 3: БРОЈ НА РЕГИСТРИРАНИ МСП ВО ШУМАРСКИОТ СЕКТОР**

| Сектор | Мали | Средни | Големи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и ловство | 912 | 31 | 3 | 946 |
| Риболовство | 28 | 0 | 0 | 28 |

*Извор: Централен регистар на Македонија, 2004 година*

Поголемиот дел... 

Повеќето земјоделски или шумарски МСП се микро или мали претпријатија (семејни бизниси). За жал, податоците за шумарството, ловството и земјоделството не се разделени. Тие се занимаваат со пилани, брикетарство, преработка на недрвни шумски производи и еко-туризам.

Според Стопанската комора на Македонија, има околу 590 фирми кои се занимаваат со примарна преработка на дрво (пиланите) и 566 фирми за финална преработка на дрвото (Стопанска комора на Македонија, 2006 год.). Истовремено постојат податоци за пилани, претпријатија за пилани, производство на дрвени панели, хартија и картон (Табела 4).

ТАБЕЛА 4: СТРУКТУРА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИА ВО 2003 ГОДИНА

| | Големина на претпријатијата | Бруто производство во евра | Број на претпријатија |
|---|---|---|---|
| Пилани | мали | 13.556 | 549 |
| | средни | 969 | 3 |
| Дрвени панели | мали | 477 | 10 |
| | средни | 0 | 0 |
| Хартија и картон | мали | 15.298 | 189 |
| | средни | 3.303 | 2 |
| | големи | 10.171 | 1 |

*Извор: Стопанска комора на Македонија, 2003 година*

Овие претпријатија обично се во приватна сопственост и функционираат како акционерски друштва или друштва со ограничена одговорност. Многу од нив остваруваат некаков профит, но поголемиот дел од нив располагаат со стара технологија, честопати недостига маркетинг и модерен дизајн, па затоа не се многу конкурентни на меѓународните пазари.

Во шумарството, малите приватни претпријатија се резултат на промената на политиката како и на реформите во организацијата на стопанисувањето со државните шуми (Македонски шуми). Во 1999/2000 година јавното претпријатие приватизираше дел од своите главни стопански активности, како на пример сечењето, превозот и влечењето. Со оваа мерка значително се зголеми бројот на мали и средни претпријатија во шумарскиот сектор. Во моментов има околу 480 МСП поврзани со стопанисувањето на ЈП „Македонски шуми“ преку отворени тендери. Преку своите услуги тие ги постигнуваат следниве количини на годишно ниво: огревно дрво—450.551 m$^3$, техничко дрво—144,600 m$^3$ (75% листопадни, 25% четинарски). Овие МСП бројат вкупно околу 1.000 вработени (Стојановска, 2009 год.)

Во 2005 година други единици беа исто така претворени во приватни компании за да се намали бројот на вработени. Седум пилани, еден рибник и еден дел за производство на печурки се одвоија од ЈП „Македонски шуми“ и се трансформираа во мали и средни претпријатија.

Следејќи ги трендовите за биоенергетика, многу фабрики за преработка на дрво, на пр. пилани, воведоа машини за брикетирање во своите производствени ланци. Сепак, само 6 или 7 компании во државата се занимаваат само со брикетирање, и тие пласираат и на домашниот и на европскиот пазар.

Македонија има исто така и значителни недрвни ресурси, на пример лековити билки, печурки, шумско овошје, пасишта и разновиден дивеч, кои може да ги користат МСП специјализирани за собирање и преработка.

Постојат околу 2.800 врсти **печурки**, од кои 50 често се собираат за натамошна преработка или директна продажба. Тие имаат огромна економска вредност за локалното население во руралните области. Податоците за вредноста на извозот укажуваат на 328.693 kg во вредност од 2 милиони американски долари (Државен завод за статистика, 2001 година). Откупните компании имаат годишен договор со назначено количество или со ЈП „Македонски шуми“, или со

Национални паркови. Собирањето на поединците не е регулирано на ниеден начин и не постојат регистрирани податоци за севкупното количество на собрани печурки. Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) издава и дозволи за извоз за комерцијалните врсти но нема други локални или регионални податоци. Затоа не може да се разгледаат различните аспектите за одржливоста, ниту пак се предвидени рестрикции за собирање, со исклучок на заштитените видови.

Постои широк спектар на растенија кои се собираат за подготовка на чаеви, или пак како посебни видови. Постојат некои специјализирани компании како Алкалоид—Скопје и Јака—Радовиш, но значително е и собирањето на поединците. Количеството на извезени растенија за подготовка на чај изнесуваше 1.127.825 kg во 2001 година, во вредност од 1,453,052 американски долари. Сепак, во годишните податоци се споменува и вредност од 4.5 до 5 милиони USD (Државен завод за статистика, 2008 год.)

**Шумските плодови и јатките** ги има најчесто во високите планини, а најважна меѓу нив е боровинката (Vaccinium myrtillus), производ кој воглавно се користи за извоз. Податоците од 2001 година укажуваат на извоз во износ од 83.284 kg во вредност од US$ 86,196. Проценките исто така укажуваат на приближно 250.000 kg костени кои се собираат на годишно ниво за домашна употреба.

Се смета дека има околу 12.000 собирачи (USAID, 2008). Овој податок произлегува од количествата кои ги откупиле компаниите и извезените количества, со просек за собраните количества на печурки, лишаи, шумско овошје и други производи.

Бројот на собирачи се зголемува. Собирањето е една од традиционалните активности на луѓето кои живеат во близина на шумите. Тоа опадна за време на индустријализацијата во Македонија, но повторно беше воведено кога на пазарот се појави голема побарувачка со високи откупни цени во раните деведесети години. Многу средновечни или постари лица кои се невработени или биле вработени во големите компании кои банкротирале стануваат собирачи. Под притисок на силната сиромаштија и ограничените можности за вработување, собирањето продолжува да опстојува како традиција во високите планински места. Постојат околу 80 откупни компании и уште 100 други независни и нерегистрирани трговци.

Преработката ја вршат околу 20 до 30 компании во Македонија во кои се проценува дека има 600 вработени. Компаниите сезонски ангажираат уште дополнителни 3.000 лица во преработката и го организираат и извозот на производите. Општо земено, околу 20.000 семејства во Македонија се редовно или сезонски поврзани со овој сектор.

Не се забележува јасна поврзаност на овие микро претпријатија или на нерегистрираните активности со приватните шуми. Со оглед на тоа што приватните шуми се мали, расцепкани и на различни катастарски парцели, а се соочуваат со административни тешкотии при стопанисувањето, поголемиот дел сопственици на приватни шуми ги користат шумите за производство на огревно дрво или пак за свои потреби па обично не се регистрирани. Тоа значи дека сопствениците немаат производ кој може да се пласира на пазарот и заради кој вреди да се

започне бизнис и да се инвестира во него. Правата на сопственост тука заземаат централно место, зашто ниту недрвните шумски производи, ниту ловството не се регулирани на начин на кој сопственикот на шумата би имал можност да развие бизнис врз основа на производите кои ги поседува.

## 6 резиме на состојбата со мсп и инвестирањето врз основа на искуствата на одредени земји

Како заклучок, очигледно е дека во Југоисточна Европа и во Западниот Балкан, општо гледано, не-државното шумарство сè уште е недоволно развиено и му требаат реформи и подобрување на политиките, инвестирање и градење капацитети. Приватните и државните сопственици на шуми се соочуваат со тешкотии за да можат соодветно да учествуваат во политиката на државно и на повеќе-секторско ниво, како на пр., при спроведувањето на националните програми за шумарство. Ваков е случајот и со Албанија и Македонија, иако кај нив на национално ниво веќе постојат организации на сопственици на шуми кои ги застапуваат нивните интереси (2008). Сепак, во последните години во повеќето земји од Западниот Балкан постигнат е напредок по ова прашање.

Општо гледано, може да се каже дека не-државното шумарство во земјите од ЈИЕ се соочуваат со истиот проблем на финансиски рамки и ограничувачки политики за да може соодветно да функционира. Ова е делумно наследено од правната пракса во времето на социјализмот во, на пр., поранешна Југославија, каде приватната сопственост на шумите била можна од правна гледна точка, но била многу ограничена во практична и управна смисла. Исто така, не постоело здружение на сопственици на шуми, додека пак во времето на социјализмот во Албанија, приватната сопственост воопшто не била дозволена. По политичките промени од последните 15 години, постигнат е напредок со денационализацијата, но повеќето земји од ЈИЕ сè уште не ги надминале или многу малку ги надминале непогодните рамковни услови за организациски реформи, конфликти на одговорности или прашања за финансиска поддршка. Поради тоа, постигнат е многу мал развој на не-државното шумарство. Како резултат, сопствениците на шуми сè уште се слабо организирани или пак се слабо застапени во и онака малкуте организации, а нивниот економски и социјален потенцијал сè уште не е истражен.

Најсериозните проблеми со кои се соочуваат претпријатијата и претприемачите се делумно од техничка природа, поврзани со застарената опрема и машини, но она што е повпечатливо е неповолната финансиска состојба со скапите заеми во стопанството, недоволно субвенции за модернизација и фондови за развој на МСП, како и слабо развиена инфраструктура. Нестручниот кадар сериозно го попречува развојот на претприемништвото, не само поради недостатокот на иницијатива туку и поради недостатокот на разни вештини и способности. Главните проблеми и слабости на МСП вклучуваат: а) недоволно можности за само-финансирање на бизниси поради ниското ниво на расположлив оперативен капитал, б) ограничен број на инвестициски активности од финансискиот сектор во шумарството, в) недоволно информации за постоечките финансиски можности.

Од друга страна, силните страни на МСП во секторот на шумарството и дрвната индустрија се, на пр., воспоставената соработка со државните компании за управување со шуми со што се создава стабилна побарувачка и пазар на локално ниво. Оваа соработка исто така доведува до значително учество во креирањето на вредносни ланци за дрвните и останатите шумарски производи. Исто така, промените на пазарот може да се следат брзо и поддршката за руралниот развој со вистинска финансиска позадина и  политики котира високо на европската агенда за земјите кои имаат аспирации за членство во ЕУ. Сепак, постоењето на ресурсите кај приватните/државните шуми значително варира помеѓу различните земји. На пр., во Србија, Хрватска и Албанија тоа е значително, додека пак во други земји, како на пример Македонија и Црна Гора, тоа е ограничено.

Во секој случај, остварувањето на овој потенцијал од една страна е условено од постоењето на рамка која тоа го овозожува, а од друга страна, од нивната соработка. За да може да се мобилизираат приватните сопственици на шуми, потребно е да се интензивираат активностите на нивните организации и да се остварат врски со локалните власти, кластерите и здруженијата на стопанственици или претприемачи.

Најголемите закани за развојот на МСП поврзани со шумарството во ЈИ Европа се постојаните промени на условите за бизнисите, како на пр. финансиските прописи, даноците и давачките како и промените во условите за извоз. Други закани за извезувачите се нестабилните курсеви и недостатокот на политика за развој, нелојалната конкуренција преку сивата/нелегалната економија,  како и скапиот и недостапен капитал за инвестирање.

Во индустријата за преработка на дрво постојат можности за диверсификација на производите, со оглед на проширувањето на градежниот сектор во Црна Гора и големиот увоз на финални дрвни производи. Ориентираноста кон пазарот и производите се од суштинско значење. Способностите за планирање на бизнисите се клучни кога се работи за инвестициски проекти и проценка.

Кај развиените економии, финансирањето на кредити се врши на комерцијална основа, но сепак преку комерцијални банки. Во Македонија финансирањето на МСП во последно време станува потранспарентно а условите за кредит стануваат попристапни за претприемачите. Сепак, во повеќето случаи банките не преземаат ризик ако треба да се финансираат МСП (Стојановска, 2009 год). Банките пријавија дека најважните проблеми околу финансирањето на МСП се однесуваат на следново:

- Анализата на ризик проценува превисоки вредности за можностите за ризик;
- Немање потребни хартии од вредност кои треба да ги приложат МСП;
- Мал процент на вратени кредити од страна на МСП поради превисоки тековни трошоци;
- Недоволна обученост во поглед на вештините за управување и претприемништво;
- Слаби финансиски извештаи според кои финансиската проценка на претпријатијата е едвај соодветна:
- Неповолни кредитни стратегии на банките кои не одговараат на потребите на МСП.

Затоа МСП во голема мера зависат од владини заеми или меѓународни финансиски програми кои ги нудат PHARE (ЕУ), IFAD (ОН), Фондот за МСП (USAID), Фондот за економски развој СОРОС (SOROS), Европската Инвестициска Банка (EIB), Владите на Италија, Германија и Холандија, фондовите и извозните кредити за МСП  и слично.  Севкупната вредност на овие програми изнесува 96 милиони евра кои се различно распределени за развојот на МСП во Македонија. Сепак, МСП поврзани за шумарството честопати не се подобни или не се успешни при лобирањето за овие општи програми за финансирање од страна на владата или меѓународната заедница. Оваа несакана состојба се однесува општо на земјите од Централна и Источна Европа, а не само на секторот за приватно шумарство во Југоисточна Европа.

Во 2005 година во Македонија е основана Агенцијата за поддршка на претприемништво, чија задача е да ги реализира владините програми и проекти, како и други проекти поддржани од надворешни донатори. Агенцијата аплицира за проекти преку своите регионални центри. Има исто така и 7 таканаречени бизнис инкубатори во Охрид, Делчево, Македонска Каменица, Штип, Прилеп, Струмица и Велес. Машинскиот и Земјоделскиот факултет во Скопје и Технолошкиот факултет во Битола основаа три агенции за технолошки развој. Компаниите од приватниот сектор воспоставија нови комори и секторски организации кои ги проширија услугите што им ги нудат на МСП. Обезбедена е и дополнителна поддршка во вид на обука и семинари кои ги организира Агенцијата, а ги реализираа регионалните центри. Тие ги покриваат повеќето услуги во областа на основниот менаџмент, маркетинг и сметководство. Се спроведува и ваучер програма за советодавни услуги со цел да им се помогне на потенцијалните претприемачи кои имаат потреба од советодавна помош и поддршка во раководењето на своите претпријатија.

Општо земено, преземените мерки за нефинансиска поддршка им нудат помош на претприемачите за да ги зајакнат своите раководствени способности со цел да се зголеми нивната конкурентност. Шумарските претпријатија може да учествуваат во овие активности, но до сега не постојат податоци за нивно учество.

Постојат и активности финансирани од меѓународни учесници. На пример, во 2000 и 2001 година само во Македонија имаше  околу 30 проекти во поглед на развојот и управувањето со МСП. Овие проекти делумно се однесуваа на финансиските услуги, како на пример кредити, грантови и инвестиции, а делумно понудија и обуки, техничка помош, кампањи и советодавни услуги (Стојановска и др. 2009 год.). Тука најзначајни се Програмата за стимулирање на претпримеништвото во Македонија финансирана од Шведската агенција за развој (СИДА) со вкупен буџет од 3 милиони швајцарски франци во период од три години, и Програмата за развивање на претприемништво, конкурентност и иновативност на малите и средни претпријатија за 2007–2010 година. Оваа програма ќе се спроведува преку Секторот за претприемништво и конкурентност при Министерството за економија, и Државниот совет  за претприемништво и конкуренција, а се разбира и преку други министерства.

Подготвувањето активности за развивање на Услуги за развој на бизнисите за МСП поврзани со шумарството бара познавање на постоечката состојба и на пазарите.  Тоа исто така значи дека треба да се идентификуваат слабостите и можностите во побарувачката на ваквите услуги. Со тоа

може да се помогне а) да се идентификуваат локалните механизми за понудување услуги и плаќање; б) да се изберат стратегијата и инструментите за интервенција в) да се идентификуваат локалните институции и мрежи. Како резултат на овие активности ќе порасне и побарувачката на општи и конкретни услуги за развивање на бизниси од областа на шумарството.

Со оглед на горенаведеното, МСП чии активности се засноваат на шумарството имаат потреба од:

- Подобрен пристап до финансирање
- Градење капацитети за развој на бизнис и анализи на пазарот
- Поддршка за понудувачите на услуги за да ја подобрат својата опрема преку можности за финансирање и информирање, поддршка преку обуки итн.
- Воспоставување советодавни услуги за да се осигураат одржливи залихи на суровини
- Обезбедување информации за постоечките и потенцијално новите пазари, подобрување на опремата и разбирање како да го регистрираат својот бизнис .

МСП чии активности се засноваат на шумарството постојат само во активностите врзани за брикетирање, преработка на недрвни шумски производи, сечење и транспорт. Сепак, деловната врска меѓу таквите МСП во приватното и општинското шумарство во Југоисточна Европа во голема мера недостигаат.

## 7 заклучоци

Очигледно е дека во Југоисточна Европа има потреба од координиран пристап за зајакнување на шумарството во мали размери.

Затоа инвестирањето не треба да ги покрие само финансиските тешкотии и проблеми туку треба да се осврне и на а) основната поддршка за градење на капацитети и б) условите за рамковна политика, како на пример законодавството и институционалната поставеност кои се однесуваат на шумарството во мали размери.

Од друга страна пак, основните институционални промени секаде бараат силно стимулирање на политиките.  Шумарството во мали размери до сега не било приоритетно во шумарските политики или економските политики/политиките на малите и средни претпријатија во повеќето земји од ЈИЕ. При развивањето на политиките во Југоисточна Европа воглавно се применуваат модерни алатки, како на пример националните програми за шумите или програмите за развој на бизнисите, а се осврнуваат на шумарскиот сектор или општо на секторот на малите и средните претпријатија. Приватното шумарство беше опфатено во овие документи и процеси како резултат на примената на современи елементи во политиките, како на пример учеството на засегнатите страни или меѓу-секторската соработка, приватното шумарство беше опфатено во овие документи и процеси. Може да се каже дека ова прашање добива повеќе внимание, како што беше случајот и порано во повеќето земји од Југоисточна Европа. Овој развој во голема мера беше зајакнат со новите услови за демократските политики за имот, што овозможи приватното шумарство да

добие свое место на национално ниво. Сепак, освен Хрватска каде се случи значајна реформа на приватната шумска управа и финансиските прописи, во останатите земји е постигнато многу малку во овој поглед.

Затоа кога се работи за спроведувањето на документите за националната шумарска политика во поглед на прашања од областа на приватното и државното шумарство, тешко е да се очекува сеопфатен пристап кон проблемот со инвестирањето. Новото законодавство во Македонија и Србија ќе се осврне на административните реформи на приватното шумарство. Сепак ова сè уште не е видливо и сигурно нема да ги расчисти сите противречности во законодавството за спроведување на правата на сопственост над приватните шуми. И покрај тоа, сепак може да се очекува натамошен развој.

Се покажува дека градењето капацитети е од суштинско значење за приватното и државно шумарство во земјите од Југоисточна Европа, зашто активностите воглавно не се развиени и потребни се уште вештини за да станат успешни и стабилни. Тоа би било најефикасно ако нивните организации понудат советодавни услуги бидејќи сè уште нема активни советодавни служби. Затоа потребно е градење на капацитетите за на пр., здруженијата на сопственици на приватни шуми да ги застапуваат сопствениците на приватни шуми при процесот на лобирање на политиките за стопанисување.

Сепак, се покажува дека најтешкиот проблем е градењето доверба на финансискиот сектор кон недоволно развиениот сектор на приватните и општинските шуми како деловен сектор. Потребно е уште многу да се стори за да се зајакнат бизнис врските во приватното шумарство.

Овој документ не може да одговори кои од овие три аспекти е најприоритетен бидејќи тие се тесно поврзани и меѓусебно зависни.

Можеби TFD би можеле да да ја разјаснат оваа дилема и да понудат не само размена на мислење туку и градење визија за приватното и општинското шумарство во Југоисточна Европа, во поглед на инвестициите.

## ENDNOTES

1 Доц. Д-р Македонка Стојановска, Шумарски факултет, Скопје, Македонија,

2 М-р Ненад Петровиќ, Асистент-истражувач, Шумарски факултет, Белград, Србија

3 Д-р Атила Ленгјел, советник за политики за земјите од Централна и Источна Европа при Европската конфедерација на сопственици на шуми

4 Под Југоисточна Европа тука се подразбира како подрегионите за известување на МКЗШЕ составени од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Кипар, Грција, Црна Гора, Молдавија, Романија, Србија, ПЈР Македонија, Турција (МКЗШЕ  2007).

5 Бројките не се однесуваат на т.н. отворешни шуми, кои покриваат околу 557.000 ha (Државен шумски попис, 2004).

6 Официјалните извори на информации за шумите даваат различни податоци за површината која е под шуми. Очигледно е дека нема доволно квалитетни податоци ни за сопствениците на приватни шуми. Стратегијата за одржлив развој на шумарството предвидува да се разреши состојбата со несигурните извори на статистички податоци за шумите (2005) (Трендафилов и др. 2008).

7 „...место можности за активно стопанисување со шумите, сопствениците на шуми се ставени во улога на пасивни корисници на услуги кои ги нудат јавните служби на општините за сите други мерки на стопанисување со шумите, бележење и дознака на дрвото." (Дамјановиќ, 1986).

8 Законот за шумите од 1991 година го воведе терминот „професионални и технички задачи" во приватните шуми. Тие се однесуваат на 1) издавање дозвола за сеча на сопствениците на шуми; 2) бележење на дрвата во приватните шуми; 3) издавање дозволи на сопствениците на шуми за превоз на градежно и огревно дрво; 4) организирање активности за заштита на шумите во приватните шуми.

9 Секој сопственик кој врши сечење во својата шума мора да плати услужна такса во износ од 3% од комерцијалната вредност на дрвата со кои тргува. Оваа сума му се плаќа на јавното претпријатие „Србијашуме" а потоа ќе се пренесе на сметка на државниот буџет. Од овој извор понатаму ќе се финансираат силвикултурата и мерките за заштита на шумите. Сепак, од овој извор досега финансирани се само мерки преземени во шумите во државна сопственост.

10 Комунистичката државна политика за отварање земјоделско земјиште дури и во планинските зони довело до уништување на многу вредни шуми. Бидејќи не биле погодни за одгледување култури, повеќето биле напуштени по само една или две години. Многу приватни шуми биле исто така уништени со оваа политика, воглавно во близината на населените места. Денес овие земјишта се најдеградирани поради прекумерното сечење и пасење, комбинирано со периодични пожари (Министерство за земјоделство и прехрана, 1998 год.)

11 Сопствениците на приватните шуми се одговорни за еколошките мерки кои се потребни на земјиштето кое се користи за производство на дрво, пасење стока и трошоците за овие мерки. Тие настрана мора да воспостават мали хабитати на ретка или загрозена флора и фауна, обично на површина помала од 0.5 хектари. Ако трошоците за оваа мерка се превисоки, државата мора да му надомести на сопственикот на шумата. (Лако, 2008).

12 Агенцијата за шумите се однесува на сите државни и приватни шуми. Таа треба да биде независна јавна шумарска институција под надлежност на соодветното Министерство (Нониќ, Милијиќ, 2008)

13 Студијата за мали и средни претпријатија во општина Мајданпек во Североисточна Србија опфати 9 сопственици/раководители на МСП и наведува дека нивните основни дејности се сечење, отстранување, влечење и превоз на дрвни сортименти, изградба на шумски патишта, производство на ќумур во три, и производство на градежно дрво во еден случај. (FORNET 2009).

14 Типичен пример е Стопанската комора и нејзините регионални комори. Сите државни претпријатија и задруги од областа на преработката на дрво, на пример, порано учествувале во ваквата организираност. Денес речиси сите производствени единици се приватни. Сепак структурата на Коморатa останала воглавно непроменета и сѐ уште понудува услуги за неколкуте државни претпријатија што останаа. (Нониќ, Милијиќ, 2008).

## користена литература


Beguš, J. (2006): Report of International Consultant for Capacity Development of Public Forest Service and Private Forest Owners' Associations. FAO/GCP/FRY/003/FIN Project "Forest Sector development in Serbia", www.forestryprojectserbia.org, Belgrade.

Center for Research and policy Making; Center for Research and Policy Making, CPRM Team; Project Co-Ordination, European Commission, Austrian Institute for SME (2008): Overview of Family Business relevant Issues—Macedonia.

Danilović M. (2008): "Exploitation of private owned forests" educational project by MAFWP Directorate for forests, Faculty of Forestry, University of Belgrade.

European Forest Institute (EFI) (2007): The forest map of Europe. http://www.efi.int/portal/virtual_library/information_services/mapping_services/forest_map_of_europe/.

Fornet ltd. (2009.): "Forest-based companies, their roles and their potential to contribute to the economic development of the municipality of Majdanpek"—Feasibility study—GTZ-KWD project "Economic development of municipalities in the Danube region."

Lako, T. (2008): Status quo analysis—Analyses of communal and private forestry in Albania and their role in the National Forest Strategy process. World Bank—Profor, Confederation of European Forest Owners, Lover print, Sopron, 81.

Ministerial Conference on the Protection of Forests in Europe (MCPFE), Liaison Unit Warsaw (2007): State of Europe's forests 2007—The MCPFE report on sustainable forest management in Europe. Warsaw.

Medarevic, M., Bankovic, S. 2008. Forests of Serbia Today. Forests No. 100, Srbijasume, Belgrade, 6–11.

Nicholson K., Radosavljevic A., Zaric V (2006.).: "Report of mission on development of small and medium sized forest-based enterprises" - Preliminary Planning Phase and Phase 1 of Market Analysis and Development (MA&D) FAO Project GCP/FRY/003/FIN "Forest Sector Development in Serbia."

Nonic, D., (2004): Organization of Forestry in Transition: Relations of State Forestry Institutions and Private Forest Owners. Doctorate dissertation, Faculty of Forestry, Belgrade, 232.

Nonic, D., Herbst, P. (2005): Fragen des Privatwaldsektors in Serbien. Forstzeitung 7, Österreichischer Agrarverlag, Wien, 32–33.

Nonic, D., Milijic, V. (2008): Status quo analysis: Private Forestry in Serbia and its Role in NFP/NFS process. World Bank—Profor, Confederation of European Forest Owners, Lover print, Sopron, 95.

Nonic, D., Tomic, N, Markovic, J., Herbst, P., Krajcic, D. (2006): Organization of private forest owners in Serbia compared to Austria, Slovenia and other Central European countries. Forstwissenschaftliche Beiträge Forstpolitik und Forstökonomie, Nr. 35; ETH, Zürich, 95-106.

Private Forest Owners' Associations Formation in the Western Balkans (PRIFORT) research project unpublished research documentation (2009). In Glück, P. et al. (2009): The Preconditions for the Formation of Private Forest Owners' Interest Associations in the Western Balkan Region.

Radosavljević A., Kisin B., Kaurin R. (2008.): „Final Report" of FAO Project GCP/FRY/003/FIN "Forest Sector Development in Serbia."

Radosavljevic A., Fransen A., Balic A. (2009.): "Forest related SME's analysis and training in Montenegro—first stage report" SNV Forestry sector programme support to Montenegro.

Radosavljević T. (2008): "Marketing Basic: Marketing of non wood forest products," diploma work, Faculty of Forestry, University of Belgrade.

Ranković, N. and Nonić, D. (eds.). (2002): Privatization in Forestry. Volumes I and II. Faculty of Forestry of the Belgrade University, Serbia, Belgrade.

Savik, N. (2009): Analyzes of the competitiveness of forest industry in the Republic of Macedonia, Master Thesis (FOPER), Belgrade, Serbia;

Schmithüsen F., Kaiser, B., Schmidhauser, A., Mellinghoff, St., Kammerhofer, A. W. (2006): Preduzetništvo u šumarstu i drvnoj industriji-osnove menadžmeta i poslovanja. Centar za izdavačku delatnost Ekonomskog fakulteta u Beogradu.

Serbian Agency for the Development of SME and Entrepreneurship (2008.): "Annual Working Report for 2007."

Statistical Yearbook of the Republic of Macedonia (2004): Forestry; State Statistical Office of the Republic of Macedonia.

The Forest Dialogue (TFD) (2009): Investing in Locally Controlled Forestry: Improving Quality and Quantity. Concept paper. http://environment.yale.edu/tfd/uploads/ILCF_Concept_Paper-2009.pdf

Trendafilov, A., Atanasovska, J.R., Simovski, B. (2008): Status quo analysis - Analysis of private forestry in Macedonia and its role in the National Forest Strategy process. World Bank - Profor, Confederation of European Forest Owners, Lover print, Sopron, 83.

*The work of The Forests Dialogue is implemented by a Secretariat hosted by the School of Forestry and Environmental Studies (F&ES) at Yale University in the United States. TFD is an autonomous program composed of individuals and governed by a Steering Committee with representatives from major forest stakeholder groups. The statements, reports, and findings of TFD do not necessarily represent the views of F&ES faculty.*

*All inquiries should be directed to Gary Dunning at TFD: info@theforestsdialogue.org.*